У.бр.5134/2009

ВО ИМЕТО НА ГРАЃАНИТЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

УПРАВНИОТ СУД во совет составен од судиите: Виолета Богојеска - претседател на совет и судиите Даниела Антовска и М-р Есма Алибашиќ Јонуз - членови на советот, со записничар Лепосава Веноска – виш судски соработник, одлучувајќи по тужбата на тужителот Министерство за . С., против решението на Дирекцијата за . . . бр.07-870/4 од 21.08.2009 година, за повреда на правото за заштита на личните податоци, на седницата одржана на ден 24.01.2012 година, донесе:

П Р Е С У Д А

Тужбата на тужителот Министерство за . на Република Македонија Скопје, против решението на Дирекцијата за . . бр.07-870/4 од 21.08.2009 година, СЕ ОДБИВА КАКО НЕОСНОВАНА.

О б р а з л о ж е н и е

Со оспореното решение означено во изреката од пресудата се забранува Министерство за . на Република Македонија С. да го обработува матичниот број на граѓаните при влез во службените простории на министерствата и другите државни органи од денот на приемот на решението и се задолжува да преземе дејствија и активности за отстранување на повредите утврдени со Записникот бр.07-870/1 од 24.07.2009 година, за извршен вонреден инспекциски надзор над законитоста на преземените активности при обработувањето на личните податоци и нивната заштита, и тоа: 1) Законски да ја регулира обрабоитката на личните податоци на граѓаните при влез во службените простории на министерствата и другите државни органи, како и да ја утврди формата и содржината на евиденцијата на граѓаните кога ќе влезат во службените простории на министерсвата и другите државни органи во рок до 31.12.2009 година, и 2) Да ги запознае вработените кои работат во пријавниците на министертсвата и другите државни органи со начелата за заштита на личните податоци во рок од 30 дена од приемот на решението и за преземените дејствија и активности по решението писмено да ја извести Дирекцијата за . . во рок од 8 дена по истекот на рокот наведен во диспозитивот на решението.

Незадоволен од решението на тужениот орган, тужителот поведе управен спор, со предлог решението да биде поништено поради погрешно утврдена фактичка состојба и погрешна примена на материјалното право.

Судот ја достави тужбата до тужениот орган на одговор и побара доставување на списи.

Управниот суд постапувајки по тужбата, го испита оспореното решение во границите на тужбеното барање во смисла на член 37 од Законот за управните спорови, па по оценка на тужбените наводи, одговорот на тужбата и списите на предметот најде:

Тужбата е неосновата.

физичко лице на кое се однесуваат обработените податоци. Согласно точка 8 од цитираниот член, "корисник" е физичко или правно лице, државен орган или друго тело на кое му се откриваат податоците, заради извршување на редовни работи во согласност со закон.

Согласно член 5 став 1 од Законот за заштита на личните податоци („Службен весник на РМ“ бр.7/05 и 103/08), личните податоци можат да се обработуваат правично и во согласност со закон; да се собираат за конкретни, јасни и со закон утврдени цели и се во согласност со тие цели; да се соодветни релевантни и непреобемни во однос на целите закон кои се собираат и обработуваат; да се точни, целосни и каде што е потребно ажурирани при што ќе се преземат сите соодветни мерки за бришење или корегирање на податоците што се неточни или нецелосни, имајќи ги предвид целите заради кои се обработени; и чувани во форма што обезбедува идентификација на субјектот на лични податоци, не подлго од што е потребно за да се исполнат целите поради кои се собрани за натамашона обработка. Согласно став 2 од овој член, за квалитетот на личните податоци согласно со ставот 1 на овој член на овој закон е одговорен контролорот.

Согласно член 6 став 1 од горенаведениот Закон, обработка на лични податоци може да се врши само по претходно добиена писмена согласност на субјектот на лични податоци.

Согласно член 8 став 1 од горенаведениот Закон, забранета е обработка на посебните категории на лични податоци, додека ставот 2 ги регулира случаите кога може по исклучок да се врши обработка на посебните категории на лични податоци.

Согласно точка 9 од горе наведениот член, "согласност на субјектот на лични податоци" е слободно и изречно дадена изјава на волја на субјектот на лични податоци со која се согласува со обработката на неговите лични податоци за однапред определени цели.

Согласно член 9 од истиот Закон, единствен матичен број на граѓанинот може да се обработува само по претходна писмена согласност на субјектот на лични податоци или под услови утврдени со закон. Согласно став 2 од овој член, единствениот матичен број на граѓанинот може да се обработува заради идентификација на субјектот на лични податоци, и тоа за: остварување на целите на овој закон; остварување на правата или обврските на субјектот на лични податоци или контролорот, и цели на историски и научни истражувања или статистички цели. Согласно став 3 од овој член, единствен матичен број на граѓанинот може да се обработува при вршење на работи кои се однесуваат на добивање кредит или наплата на долг, осигурување, рентирање и основање на трговстко друштво, во кредитни работи, здравствена и социјална заштита, вработување и други ускуги во корист на субјектот на лични податоци. Согласно став 4 од овој член, контролорот води сметка единствениот матичен број на граѓанинот да не биде непотребно видлив, печатен или преземен од збирка на лични податоци.

Во конкретниот случај, со увид во списите на предметот, Судот оцени дека со оспореното решение донесено од страна на тужениот орган правилно е утврдено дека тужителот неосновано го обработувал матичниот број на граѓанинот при влез во службените простории на министерствата и другите државни органи. Имено, од

списите по предметот не произлегуваат докази од кои може да се утврди поинаква фактичка состојба, а Министерството за . на Република Македонија на барање на тужениот орган во текот на постапката не доставило докази - Упатство за обезбедување на имотот и внатрешниот ред во кругот на Министерството за . СД.бр.105-2460/2 од 01.04.2003 година и СД.бр.13.1-509/1 од 30.01.2006 година на кои се повикало, ниту пак имаат доставено приговор на Записникот бр.07-870/1 од 24.07.2009 година за извршениот вонреден инспекциски надзор над законитоста на преземените активности при обработувањето на личните податоци и нивната заштита, односно не ставило забелешки во однос на утврдените повреди во Записникот. Ова дотолку повеќе што од списите произлегува доказ - Известување Рег.бр.141-64866/1 од 07.10.2009 година, потпишано од Министерот м-р Г. Ј. од чија содржина јасно произлегува дека при наредната измена и дополнување на Законот за полиција Министерството за . ќе ја регулира обработката на личните податоци на граѓаните при влез во службените простории на министерствата и другите државни органи и ќе ја утврди формата и содржината на евиденцијата на граѓаните кога ќе влегуваат во службените простории на министерствата и другите државни органи, а во меѓувреме наведената евиденција нема да го содржи единсвениот матичен број на граѓанинот.

При ваква состојба, Судот наоѓа дека тужениот орган, во правилна и законито спроведена постапка, правилно ги применил горе наведените законски одредби и донел законито решение.

Судот ги ценеше наводите на тужителот во тужбата дека тој е единствениот контролор на збирката на лични податоци која обработува матичен број на граѓанинот што секако спаѓа во законски утврдениот делокруг на надлежностите на МВР и дека го определува матичниот број за секој граѓанин и електронски се води евиденција на овој вид личен податок кој преку соодветно информатичко решение е достапен на увид до сите служби на МВР на кои матичниот број на граѓанинот им е неопходен со цел за остварување на своите работи и задачи утврдени со закон и подзаконски прописи, но во истите не најде основа за поинакво одлучување од причини што од законската одредба на членот 9 од Законот за заштита на личните податоци јасно произлегува во кои случаи може да се обработува единствениот матичен број на граѓанинот.

При ваква фактичка и правна состојба на работите, судот смета дека оспореното решение е законито, односно тужениот орган при водењето на управната постапка правилно ја утврдил фактичката состојба и го применил материјалното право и во законски водена постапка донел правилна одлука.

Со оглед на гореизнесеното, судот утврди дека тужбата на тужителот е неоснована и одлучи согласно член 39 -а од Законот за управни спорови.

Пресудено во Управниот суд на ден 24.01.2012 година, под У.бр.5134/2009.

Записничар - виш судски соработник
Лепосава Веноска с.р.

Претседател на совет - Судија
Виолета Богојеска с.р.

ПРАВНА ПОУКА: Против оваа пресуда дозволена е жалба во рок од 15 дена од

приемот на пресудата преку овој суд до Вишиот Управен суд.

ИК/